До
Градоначалник на Град Скопје

Копија до
Совет на Град Скопје

## БАРАЊЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ
на в.д. директорка на ЈП Лајка

**По вторпат** со овој допис врз основа на член 40 и член 48 од Деловникот на Советот на Град Скопје барам итно разрешување на в.д. директорката на ЈП Лајка, Тина Петрушевска, и назначување на долгогодишен активист-волонтер на позицијата номиниран од здруженијата за заштита на животни.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Како што е наведено на почетокот на самото барање, на 30 септември 2020 г. поднесов барање за разрешување на в.д. директорката на Лајка (во прилог) поради докажана злоупотреба на службената положба и овластувањата за што ви беа приложени низа докази од здружението „ДЕЈЗИ ФЕМИЛИ“.

**Четири месеци подоцна, на тоа барање немам никаков одговор, односно дописот е комплетно игнориран, како што е игнориран и дописот доставен до вас од „ДЕЈЗИ ФЕМИЛИ“. Тоа покажува дека вие, како градоначалник, одобрувате и овозможувате злоупотреба на службената положба од страна на лица кои вие сте ги назначиле на функција.**

Причините поради кои повторно поднесувам барање за разрешување на в.д. директорката се следни:

### А) ПРОГОНУВАЊЕ АКТИВИСТИ И ГРАЃАНИ

Во ова повторено барање за разрешување на в.д. директорката на ЈП Лајка најнапред сакам да се осврнам на нејзиното прогонување активисти и граѓани - активности кои со вашето доаѓање на власт наводно требаше да бидат минато, но ни оддалеку не се.

Ве потсетувам дека в.д. директорката на ЈП Лајка иницираше и изгуби судски процес против активисти за заштита на животни и нивни соработници. Покрена приватна тужба тврдејќи дека има сопственост над куче чијшто чип во базата **не** беше заведен под нејзино име - што беше и причината поради која нејзината тужба и првостепениот суд и Апелациониот суд ја отфрлиле како неоснована. Парадоксално, при гостувањето на Слободна ТВ на 8 февруари 2021 г., в.д. директорката самата го потврдува фактот дека сопственост врз куче според закон се докажува **единствено** со чип и со пасош. Ако била свесна за тој факт, зошто ја покренала неоснованата тужба? Ако била свесна за тој факт, зошто ја обжалила првостепената одлука пред Апелациониот суд? Или целта не ѝ била да добие, туку да врши притисок од позиција на моќ злоупотребувајќи ги службените контакти

кои ги има со институциите, да предизвикува стрес и да заплашува луѓе кои волонтерски се борат да ја завршат работата за која таа е платена со јавни пари?

Понатаму, на социјалната мрежа Фејсбук изминатиов период се појавија информации дека физички лица добиваат опомени пред тужба за клевета од в.д. директорката и од самото претпријатие (Сл. 1).


БАРАЊЕ ЗА ИЗВИНУВАЊЕ И ЈАВНО ПОВЛЕКУВАЊЕ

*Од оштетената Тина Петрушевска преку полномошник адвокат Јанаки Митровски*

Почитувани, во период од месец Јануари и Февруару на социјалната мрежа фејсбук, на вашиот профил Stefan Kirkov во повеќе наврати [illegible] вашите властодавци Тина Петрушевска и ЈП Лајка

Сл. 1 Извадок од објава на личен Фејсбук профил на физичко лице на кое адвокат најмен од Тина Петрушевска и ЈП Лајка му се заканува со тужба за клевета

На кој начин в.д. директорката со јавни пари го плаќа посоченото адвокатско друштво да поведува тужби за клевета во име на ЈП Лајка кога во јавните набавки на претпријатието не постои склучен договор со ова друштво?!

**Нагласувам дека јавно претпријатие со јавни пари да тужи физички лица за нарушување на угледот на обичен службеник е <u>нешто што досега не сме го виделе ни за време на владеењето на вашите претходници</u>.**

Во меѓувреме, прогонот на активисти продолжи - членови на здруженија за заштита на животните се повикувани во полиција на информативни разговори по неосновани пријави на в.д. директорката. Сосема логично и очекувано кога отсуствуваат контролните механизми.

Во овој контекст го наведувам случајот на здружението „ХЕПИ ШЕЛТЕР“. „ХЕПИ ШЕЛТЕР“ згрижува три кучиња на кои им се заканувале со труење и кои во прифатилиштето на здружението биле донесени од загрижени граѓани. Откако се згрижени, најдени се соодветни вдомувачи за истите и при ветеринарна контрола утврдено е дека имаат чипови, **но тие чипови не се внесени во системот**. По повеќе обиди да се утврди од каде потекнуваат овие чипови незаведени во системот, се доаѓа до сознание дека тие броеви се доделени на ЈП Лајка. **Иако кучињата поминале третман во ЈП Лајка, нивните чипови не се внесени во системот.** Во телефонски разговор со в.д. директорката здружението добива насоки да поднесе барање за преземање на кучињата, како и да достави информации за вдомувачите вклучително и нивни адреси на живеење. Исполнувајќи го барањето на в.д. директорката на ЈП Лајка, здружението со официјален допис преку електронска пошта ги доставува адресите и имињата на вдомувачите на кучињата и бара истите тие чипови да бидат префрлени на име на здружението со цел животните да отпатуваат во своите домови надвор од земјата, односно да може да се обезбедат соодветните документи за нивното вдомување и пат.

Бидејќи здружението не добива одговор повторно се обраќа до ЈП Лајка, за по два дена од ЈП Лајка да им одговорат дека здружението **треба да ги врати кучињата на улица** или во

ЈП Лајка и дека само тие како претпријатие имаат право да им бараат дом, да ги вдомуваат и да ги транспортираат кучињата до нивните домови (Сл. 2).

**ВДОМУВАЊЕ**
to me

Jan 25, 2021, 1:12 PM (5 days ago)

Macedonian > English Translate message — Turn off for: Macedonian

Почитувани,

Согласно закон, правилник и програмата за работа ПОВТОРНО ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ ДЕКА единствено ЈП ЛАЈКА ИМА ЗАКОНСКА МОЖНОСТ, СОПСТВЕНОСТ И ПРАВО да ги оттуѓува кучињата. Истите уредно Ве известивме дека ние ќе ги вдомиме и транспортираме во своите домови.

Ве замолуваме кучињата да не ги држите бесправно кај вас и да ги вратите на матичната локација или да ги донесете во нашето прифатилиште.

Ви се заблагодаруваме за ангажманот но ние работиме по закон и прописите на позитивното право во државата. Неприфатиливо е да барате од нас да ги прекршиме истите.

Ви посакуваме убав ден

---
**ОДДЕЛ ЗА ВДОМУВАЊЕ**

Сл. 2 Одговор од ЈП Лајка до здружението „ХЕПИ ШЕЛТЕР“

**По оваа порака, следи пријава во полиција од ЈП Лајка за претседателот на здружението, за која бил повикан на разговор во полиција, а причината за пријавата која му е посочена е дека има кучиња во својот стационар кои мора да ги врати бидејќи бесправно ги држи.**

<u>**Не постојат зборови со кои може да се долови штетата што ова раководство на ЈП Лајка ја прави во поглед на контролирање на популацијата на бездомни животни.**</u> Да се опструира на ваков начин волонтерската работа на активистите укажува дека в.д. директорката на ЈП Лајка изгубила контакт со реалноста, но упатува и на други загрижувачки констатации за нејзината способност да ја врши функцијата на која вие сте ја назначиле. **Во ниеден закон не постои основа ЈП Лајка ниту в.д. директорката да бидат вечен и неприкосновен сопственик на сите бездомни животни во Скопје.**

<u>Б) ПРАВНА НЕСИГУРНОСТ</u>

Поразително е што вашата индолентност и вашата неактивност придонесоа в.д. директорката да продолжи непречено да ги злоупотребува службената положба и овластувањата, што во изминатиов месец кулминираше со јавен повик за помош од граѓани кои беа директно оштетени од нејзиното незаконско работење.

Јавно беше обелоденет случајот со кучето Пабло во кој имаше елементи на кривичните дела **изнуда** (член 258), **злоупотреба на службена положба и овластување** (353) и **несовесно работење** (353-в) од Кривичен законик. Според член 28 став (8) од Законот за

заштита и благосостојба на животните, прифатилиштето е должно не подоцна од 7 дена од заловувањето да ги исконтактира сопственикот на заловеното животно и неговиот ветеринар. До воспоставување контакт со сопственикот, прифатилиштето **не смее** да врши никакви интервенции врз животното, т.е. не смее со него да постапува како со бездомно куче. Во случајот со кучето Пабло, ЈП Лајка одбила да го третира како сопственик човекот присутен при самото заловување. Но, 25 дена и фактура од 14.000 мкд подоцна, ЈП Лајка се предомислува и почнува да ги третира како сопственици лицата кои со денови очајно бараат Пабло да им се врати со тоа што од нив бара да ја платат посочената сума. Ако ЈП Лајка го третирала човекот кој бил со Пабло во моментот на заловувањето како сопственик - не смеела да му го залови миленикот во негово присуство. А ако не го третирала како сопственик - не смеела да му издаде фактура за настанати трошоци на неговиот миленик во стационар. **Со оваа постапка ЈП Лајка докажала дека целта не ѝ е да го контролира бројот на бездомните животни и да поттикнува санкционирање на неодговорно сопственишто - покажала дека целта ѝ е да профитира на незаконски начин.** По јавното обзнанување на противзаконското работење на ЈП Лајка и најавувањето на кривична пријава за конкретниот случај, наредниот ден Пабло им беше вратен на сопствениците без да ја платат фактурата од 14.000 мкд издадена од ЈП Лајка.

До мене стигнаа Договорот за вдомување и Изјавата за враќање куче на локацијата од која е заловено што ЈП Лајка ги користи за да воспостави формално-правни односи со граѓаните. **Двата документа содржат загрижувачки обем на незаконски формулации поради што поднесов претставка до Агенцијата за храна и ветеринарство (во прилог).**

В) НЕТРАНСПАРЕНТНОСТ

ЈП Лајка ги нема објавено информациите кои е должна да ги објави според закон. По тензичната е-комуникација помеѓу мене и вработени во ЈП Лајка, веб-страницата на претпријатието конечно е функционална, но, повторно никаде не се објавени обрасци од документите со кои ЈП Лајка воспоставува формално-правни односи со граѓаните (Договор за вдомување и Изјава за враќање бездомно куче од локацијата на којашто било заловено), не се објавени ни Решенијата за одобрување на прифатилиштето и ветеринарната амбуланта, а недостасуваат закони и подзаконски акти во согласност со кои работи претпријатието, нема никаква информација за вработениот персонал (освен општи информации за организациска поставеност во Правилникот за систематизација) итн., додека стационарот останува затворен без никаква можност за соработка со здруженијата со исклучок на евтиниот обид за манипулирање на јавноста именуван како „Отворен ден во ЈП Лајка“.

Поради сето горенаведено, здруженијата за заштита на животни на 6 февруари 2021 г. одржаа мирен протест пред ЈП Лајка.

Нивните барања изнесени на протестот ги пренесувам во целост:

1. Прекин на прогонот на активистите и опструирање на нивната волонтерска работа
2. Итно разрешување на в.д. директорката на ЈП Лајка и јавен повик за назначување на таа позиција на долгогодишен активист-волонтер кој ужива углед меѓу активистите
3. Градоначалникот на Град Скопје итно да отпочне постапки против актуелната в.д. директорка за да спречи понатамошна злоупотреба на службената должност

4. ЈП Лајка веднаш да се отвори за јавноста секој ден, а не само еден ден во неделата и тоа со закажување
5. ЈП Лајка итно да почне со масовни стерилизации и кастрации на бездомни животни
6. Во најкус можен рок јавно да се објават сите документи поврзани со работата на ЈП Лајка што е законска обврска
7. Да се укинат постојните и да се изработат усогласени со закон обрасци со кои ЈП Лајка воспоставува формално-правни односи со граѓаните

**Следствено, барам по службена должност да почнете постапка за санкционирање на в.д. директорката и во најкус можен рок да ги исполните барањата изнесени на протестот од страна на здруженијата за заштита на животни.**

Скопје, 9 февруари 2021 г.

Драгана Велковска,
Членка на Советот на Град Скопје
Активистка за заштита на животни и животна средина

Документи во прилог:

1. Барање за разрешување на в.д. директорка на ЈП Лајка, поднесено на 30 септември 2020 г.
2. Претставка до Агенција за храна и ветеринарство против ЈП Лајка со прилози.

**Барањето е поддржано од:**

Прифатилиште за сместување на бездомни животни ЗЗЖ „ХЕППИ ШЕЛТЕР“, Скопје

Здружение за заштита на животните и животната средина „ШЕПАСТИ ЕНТУЗИЈАСТИ", Скопје

Здружение граѓанска иницијатива за заштита на животните „КАНЕ КОРЗО НАДЕЖ“, Скопје

Здружение за унапредување и заштита на благосостојбата на бездомните животни „ДЕЈЗИ ФЕМИЛИ“, Скопје

Здружение за заштита на животните и животната средина „Е.Д.Е.Н.“, Скопје

Граѓанска асоцијација за унапредување на инклузивноста во градот и градските простори „ХУМАНИ ГРАДОВИ“, Скопје

Здружение за заштита на животните „ЕЈНЏЕЛКЕТС“, Скопје

Здружение „АСОЦИЈАЦИЈА НА АКТИВИСТИ ЗА ПРАВА НА ЖИВОТНИ“, Скопје

Здружение за заштита на животните „АНИМА МУНДИ“, Скопје

**Во солидарност со скопските здруженија за заштита на животни, барањето го поддржуваат:**

Здружение за заштита на животните „ГЛАСОТ НА ЖИВОТНИТЕ“, Велес

Здружение на граѓани „ВИКТОРС АРК“, Велес

Здружение за заштита на животните „ПРО АНИМА“, Берово

Здружение за заштита на животните „АНИМАЛ ЛАВЕРС“, Струмица

Здружение за заштита на животните „СПАСИ ЖИВОТ“, Штип

Здружение за заштита на животните „СРЦЕ ЗА ЖИВОТНИТЕ ТИКВЕШ“, Кавадарци

Здружение за заштита на животните и животната средина „МАЛИ ХЕРОИ“, Битола

Здружение за заштита на животните и животната средина „БИБЕВСКИ“, Битола

Здружение за заштита на животните „АРК АНИМАЛИС“, Битола

Здружение за заштита на животните „АНИМАЛИА“, Охрид

Здружение за унапредување на благосостојбата на бездомните животни „OHRID STRAYS“

Здружение за заштита на животните „ANIMAL WORLD“, Струга

Активистичка група за заштита на животните „НИЕ ЗА ЖИВОТНИТЕ“, Куманово